РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

10 - 17/34
19 -06- 2026

Врз основа на член 17 точка 1, член 18 став (1), став (3) и став (9) и член 22 став (1) и став (7) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 21 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата – ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ бр.02-2526/1 од 24.07.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр.02-3087/1 од 06.12.2024 година, Државната комисија за спречување на корупцијата на 34-та седница одржана на **19.06.2026 година**, донесе

# О Д Л У К А

## за донесување на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година со акционен план за нејзино спроведување

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година со акционен план за нејзино спроведување (во понатамошниот текст: „Национална стратегија 2026-2030").

### Член 2

Националната стратегија 2026-2030 да се достави до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување, во рок од пет (5) дена од денот на нејзиното донесување.

### Член 3

Националната стратегија 2026-2030 влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Државната комисија за спречување на корупцијата ќе го следи спроведувањето на мерките од Националната стратегија 2026-2030 и ќе подготвува годишни и завршен извештај за нејзиното спроведување.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Оваа одлука и Националната стратегија 2026-2030 ќе се објават на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет (5) дена од денот на нивното донесување.

### Образложение

Врз основа на член 17 точка 1 и член 18 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: „Државната комисија") донесува петгодишна национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акционен план за нејзино спроведување. Согласно став (2) и став (4) од овој член, Државната комисија ја подготвува националната стратегија врз основа на претходно изготвена анализа на ризиците од корупција и има обврска да донесе методологија за изготвување на националната стратегија, пред започнување на процесот на подготовка на националната стратегија.

Почетокот на процесот на подготовка на новата петгодишна национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за периодот 2026-2030 година, Државната комисија го најави на работилница и консултативна средба со засегнати страни за „Имплементација на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025 и патоказ за развој на нова антикорупциска стратегија 2026-2030 година", која се одржа на 27.02.2025 година. На консултативната средба Државната комисија ја презентираше Анализата на фактори кои влијаат врз степенот на спроведување на стратегијата за спречување корупција и судир на интереси 2021-2025, со препораки за унапредување на примената на идната стратегија, подготвена од тимот на Проектот на УСАИД за партнерство против корупција со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), а спроведена од Институтот за демократија Социетас Цивилис.

На 20.05.2025 година Државната комисија донесе План на активности за развивање на новата петгодишна национална стратегија за периодот 2026-2030 година бр.10-1551/1.

Во согласност со член 18 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија со поддршка на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) и проектот „Заедници со

интегритет", финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и имплементиран од Националниот демократски институт (НДИ), на 02.06.2025 година донесе Методологија за проценка на ризиците од корупција за потребите на изработката на Националната стратегија 2026-2030 бр.10-1551/118.

Врз основа на Методологијата за проценка на ризиците од корупција за потребите на изработката на Националната стратегија 2026-2030, Државната комисија спроведе транспарентен, инклузивен и партиципативен процес на идентификација на ризиците од корупција кој опфати: консултативни сесии; одржување на четири фокус групи со учество на претставници од извршната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, независните тела и граѓанскиот сектор; спроведување и анализа на прашалници за самопроценка на ризици од корупција пополнети од 2.842 вработени од различни институции од јавниот сектор; спроведување и анализа на структурирани прашалници за фокус-групи пополнети од 488 раководни лица, како и темелна анализа на законската рамка, извештаите од надзорни и ревизорски тела, релевантни статистички податоци и меѓународни извештаи, анализи и препораки. По завршување на овој процес, Државната комисија на 12.11.2025 година донесе Проценка на ризиците од корупција за потребите на изработка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година бр.10-1551/265. Проценката опфати вкупно пет хоризонтални области и девет вертикални сектори, во кои се утврдија главните ризици од корупција и тоа:

1.Хоризонталните области:

- Јавни набавки;
- Вработувања, унапредувања и управување со човечки ресурси во јавниот сектор;
- Надзор над спроведување на законите;
- Доделување на финансиска проддршка, грантови, субвенции, донации и спонзорства, и
- Управување со јавни ресурси и јавниот имот

2. Вертикалните сектори:

- Правосудство;
- Внатрешни работи;
- Образование и наука;
- Здравство;

- Транспорт, урбанизам и просторно планирање;
- Јавни финансии и јавни приходи;
- Енергетика;
- Животна средина и природни ресурси, и
- ЕЛС и ЈП на локално ниво.

По спроведената и изготвена анализа на ризиците од корупција, а во согласност со член 18 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на 12.11.2025 година донесе Методологија за изготвување на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година бр.10-1551/266.

Пред донесувањето на Проценката на ризици од корупција и Методологијата за изготвување на Националната стратегија 2026-2030, Државната комисија на 17.09.2025 година одржа работен состанок со Претставници на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, на кој беа разгледани подготвените документи и следните активности за донесување на новата петгодишна стратегија.

Имајќи ги предвид водечките принципи и пристапи утврдени во Методологијата за изготвување на Националната стратегија 2026-2030, Државната комисија во инклузивен и партиципативен процес спроведе приоретизација и одлучи дека Националната стратегија 2026-2030 ќе биде ориентирана кон визијата на ДКСК и базирана на анализа на ризици и нивна класификација по хоризонтални области и сектори кои ќе бидат опфатени и тоа:

1. Хоризонталните области:
    - Јавни набавки и
    - Надзор над спроведување на законите.

2. Секторите:
    - Правосудство;
    - Здравство;
    - Транспорт и инфраструктурни проекти;
    - Урбанистичко планирање, просторно планирање и градежништво и
    - Животна средина, енергетика и природни ресурси.

Согласно со одредбите на член 18 став (5) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, националната стратегија се подготвува со претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми. Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одржа седум консултативни состаноци за секоја од горе наведените хоризонтални области и сектори, со одреден број на учесници, експерти и претставници на граѓанскиот сектор, на кои беа утврдени визијата, стратешките цели и приоритетните проблеми, со што беше поставен основниот фокус и патоказ за спроведување на следната фаза од процесот на подготовка на стратегијата. Во периодот ноември-декември 2025 година, Државната комисија одржа вкупно четиринаесет целодневни работилници, односно по две работилници за секоја хоризонтална област и сектор, со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми, на кои се утврдија и потврдија мерките и активностите за надминување на приоритетните проблеми и исполнување на стратешките цели со новата стратегија. За спроведување на процесот на утврдување на визијата, стратешките цели, приоритетните проблеми, мерките и активностите во секоја хоризонтална област и сектор од Националната стратегија 2026-2030, Државната комисија доби експертска поддршка од ЕУ ИПА 2020 проектот за владеење на правото – компонента 3 Борба против корупцијата, проектот „Заедници со интегритет", финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и имплементиран од НДИ, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Регионалната школа за јавна администрација (РеСПА).

Во февруари 2026 година Државната комисија го подготви нацртот на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година, по што, заради потребата од процена на фискалните импликации за реализација на активностите, дополнително обезбеди експертска поддршка преку проектот „Заедници со интегритет", финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и имплементиран од НДИ.

На 08.04.2026 година Државната комисија достави Барање на мислење по предлогот на Националната стратегија 2026-2030 бр.10-17/2 до институциите кои во акциониот план на стратегијата се определени како надлежни и до вклучените институции и субјекти. Во рамките на наведеното барање, а по претходно изработена Методологија за оценување на фискалните импликации на активностите од Националната стратегија 2026-2030, Државната комисија до институциите кои се определени како надлежни за спроведување на

активностите од акциониот план на стратегијата, достави и документација за спроведување на фискална проценка за реализација на активностите, со рок за одговор до 24.04.2026 година.

Заклучно со 21.05.2026 година дел од институциите доставија мислења бр.10-17/3 од 20.04.2026 година, бр.10-17/4, 5 и 6 од 22.04.2026 година, бр.10-17/7, 8 и 9 од 23.04.2026 година, бр.10-17/10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од 24.04.2026 година, бр. 10-17/17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 од 29.04.2026 година, бр.10-17/25 од 04.05.2026 година, бр. 10-17/26 од 05.05.2026 година, бр.10-17/27 од 06.05.2026 година, бр.10-17/28 од 07.05.2026 година, бр.10-17/29 од 11.05.2026 година, бр.10-17/30 од 12.05.2026 година, бр.10-17/31 од 13.05.2026 година и бр. 10-17/32 од 21.05.2026 година. По разгледување на доставените мислења, Државната комисија утврди дека дел од институциите доставиле делумно пополнета документација за оценување на фискалните импликации на активностите од предлогот на Националната стратегија 2026-2030.

Во периодот од 19.05.2026 година до 21.05.2026 година Државната комисија ги разгледа доставените мислења по предложените активности во стратегијата, изврши усогласување на текстот на истата и на 26.05.2026 година го започна процесот на јавна консултација преку објавување на предлогот на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година со акциониот план за нејзино спроведување на веб страницата на Државната комисија, со времетраење од 14 денови.

Во процесот на јавна консултација до Државната комисија беа доставени две мислења и истите беа предмет на разгледување.

Поради недоставени, нецелосно доставени односно делумно пополнети податоци за проценка на фискалните импликации од страна на институциите определени како надлежните за спроведување на активностите, Државната комисија во рамките на експертската поддршка преку проектот „Заедници со интегритет“, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и имплементиран од НДИ, спроведе оценување на фискалните импликации на активностите во акциониот план на Националната стратегија 2026-2030 и утврди дека спроведувањето стратегијата ќе чини вкупно 216.914.000 денари или приближно 3,5 милиони евра. Притоа, согласно Методологијата за оценување на фискалните импликации на активностите од Националната стратегија 2026-2030, фискалната проценка на активностите опфаќа пресметување на финансиските

средства кои се потребни за реализација на активностите, а кои не се пресметани во постојниот буџет на институциите и во нивното редовно работење.

Имајќи го предвид сето горенаведено, а постапувајќи во согласност со одредбите на член 18 ставови (1), (2), (4), (5) и (9) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука и ја донесе Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година со акционен план за нејзино спроведување.

Врз основа на член 18 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија ќе ја поднесе Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година со акциониот план за нејзино спроведување до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Националната стратегија 2026-2030 влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а нејзиното спроведување ќе го следи Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 18 ставови (6) и (7) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука и Националната стратегија 2026-2030 ќе се објават на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет (5) дена од денот на нивното донесување.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Адем Чучуљ